**И З В Р Ш И Т Е Л**
**НАТАША КАТОВА**
**именуван за подрачјето на**
**моб.070**/987-458
**Прилеп и Крушево**
**ул.Андон Слабејко бр.17/1**
**тел.048/613-883**

**Образец бр.66**

**И.бр.995/24**

Извршителот **НАТАША КАТОВА** од **Прилеп** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје преку адвокат Мефаиљ Арслани од Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030992138158 и седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43, засновано на извршната исправа ОДУ-358/2009 од 02.6.2009 на Нотар Трајко Маркоски, против заложниот должник **Дејан Брсакоски** од Прилеп со живеалиште на ул.Гиго Михајловски бр.4/3-59, о.Карпош, за спроведување на извршување во вредност 644.108,00 ден., на ден 03.04.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста сопственост на заложниот должник Дејан Брсакоски означена како:

| **Лист В: Податоци за згради, посебни делови од згради и други објекти и за правото на сопственост** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Бр. на зграда/ друг објект | Влез/Кат/Број на посебен/ заеднички дел од згр. | | | Намена. | Внатрешна површина во м2 | Право на недвижност |
| основен | дел | | | влез | кат | број | | | |
| 10339 | 0 | Б.Кидрич 39Д | 1 | 1 | ПР | 1 | | 52 | сопственост |

Сето запишано во имотен лист бр.884 за КО Прилеп при АКН ОКН Прилеп.

Продажбата ќе се одржи на ден **29.04.2026 година во 11,00 часот** во просториите **на Извршител Наташа Катова ул.Андон Слабејко бр.17/1 Прилеп**.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.995/24 од 18.12.2025 година, изнесува 18.174,00 евра односно 1.117.707,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека од прв ред во корист на заложниот доверител Агенција за вработување на Република Македонија и налог за извршување врз недвижност (чл.166) по И.бр.995/24 од 20.06.2025 г на Извршител Наташа Катова.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста односно износ од 111.771,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300020000589795 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број MK5021019506482 **најдоцна еден ден пред продажбата односно 28.04.2026 година.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
НАТАША КАТОВА

__________________

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Прилеп согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.